[Прес соопштение] Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Институтот за демократија ( ИДСЦС ), во рамки на проектот **„ Мојот избор** “, денес ја промовираа веб страната www.mojotizbor.mk – сите информации за локалните избори на едно место.

На веб страната се презентирани голем број **информации поврзани со кандидатите за градоначалници, програмите, изборните кампањи, медиумите, изборниот процес и рејтинзите** . Мојот избор 2013 - треба да им **помогне на граѓаните да добијат доволно информации** за да можат да го направат својот избор на 24 март 2013 година. Дополнително, информациите презентирани тука, можат да им бидат од корист на новинарите при подготовката на нивните анализи и написи поврзани со локалните избори 2013 година.

Веб страната е динамична и информациите во неа постојано се обновуваат. Денес на неа се поставени имињата на сите **кандидати за градоначалници** , а за дел од нив од 15-тина фокус општини (за кои имаше достапни информации) објавени се подетални биографии. Кандидатите може да се прегледуваат по политички партии или по општини . Во анализите е публикувано истражувањето „

Профилот на мојот пратеник
“ подготвено во текот на февруари оваа година. Поврзано со кандидатите, може да се провери колку
медиумите известуваат
за секој од нив. Статистиките се прават во соработка со порталот
**Daily.mk**
.

На страницата во моментов има поставено 92 **програми на кандидати** за градоначалници или на политички партии. Програмите може да се пребаруваат
по политички партии
или по општини. Може да се провери и колкаво е
известувањето на медиумите
за политичките партии. Во следниот период, тука ќе се презентираат и анализите на програмите на кандидатите за градоначалници. Ова е и
**отворена покана до сите учесници во изборниот процес да ги доставаат информациите кои недостигаат**
.

Во делот за **изборна кампања** излистани се распоредите на митинзи на политичките партии и известу
вањето на медиумите
за различните теми поврзани со кандидатите и локалните избори.

На веб страната може да се најдат и информации за тоа кои **медиуми** колку известуваат за локалните избори презентирани
дневно и неделно
.

Во рубриката за **изборниот процес** се презентирани избирачките места , а можат да се видат и не
правилностите
кои до сега се пријавени.
**МЦМС и ИДСЦС ги поттикнуват граѓаните преку веб-страната да ги**
**пријават сите неправилности**
**на кои ќе наидат во текот на изборниот процес.**

Во последниот дел од сајтот се (или ќе бидат) поместени објавите за **рејтинзите** на партиите и кандидатите (на национално ниво и во неколку општини), а тука ќе бидат објавени и **резултатите**, вклучително и споредбите со претходните избори. Во делот на изборите од 2013 година може да се најде извештајот од првата анкета „Граѓаните за локалните избори“.